**20110441194**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 33 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2011 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 161/10), член 9 став 1 од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија” бр.146/09), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија” бр.24/06, 88/08 и 31/10), член 53 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр.7/08 и 116/10), член 12 од Закон за вино („Службен весник на Република Македонија” бр. 50/10), член 7 став 3 и 4 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/10), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на ден 29.3.2011 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2011 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2011 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/2011 и 19/2011) во делот I во табелата во мерката 1 во колоната „Вкупен износ на мерката во денари“ износот „3 234 750 000,00 “ се заменува со износот „3 034 750 000,00“.

Во мерката 2 во колоната „Вкупен износ на мерката во денари“ износот „1 832 750 000,00 “ се заменува со износот „1 482 750 000,00“.

Во мерката 10 во колоната „Вкупен износ на мерката во денари“ износот „950 000 000,00“ се заменува со износот „1 500 000 000,00“.

Во мерката 11 во колоната „Мерки за дополнителна поддршка за развој на земјоделството (Државна помош во земјоделството)“ по зборот „терен“ се додаваат зборовите: „и обезбедување гориво за извршување на промоција на програмата од страна на советниците од Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството“.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-2097/1
29 март 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.